- Пчелите комуницираат меѓу себе, па кога ќе најдат медоносно поле почнуваат да се движат во насока која покажува во кој правец и оддалеченост е изворот на храната. ***Ова се вика танц на пчелите.***

- За 1 kg мед, пчелите треба да поминат 2 милиони цветови.

- За цел живот, 20 пчели можат да соберат една супена лажица мед.

- Медот е најкорисен кога е растворен и се пие.

- Пчелите се полудалтонисти. Тие не ја гледаат црвената боја.

- Медот е единствен животински производ кој нема рок на траење.



РЕГИОНАЛНО ГЕОГРАФСКО ДРУШТВО
ГЕОСФЕРА
БИТОЛА

www.geosfera.weebly.com

https://www.facebook.com/
Регионално-географско-друштво-ГЕОСФЕРА-Битола

# ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ ПЧЕЛИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА

## УЛОГАТА НА ПЧЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ НА СЕКОЈ ОД НАС И НИВНА ЗАШТИТА





### *Пчела работничка*

*Таа опфаќа дури 99% од вкупниот број на членови во пчелното семејство и е задолжена скоро за сите функции во пчеларникот како што се собирање на нектар и полен, производство на матичен млеч, одржување на температурата во кошарето и др.*



### *Матица*

*Таа е кралица на секој пчеларник, а размножувањето е нејзината единствена улога. Секоја матица може да снесе и по 2000 јајца на ден кои се три пати по тешки од нејзината тежина.*



### *Трут*

*Трутовите се мажјаци во пчелното семејство и служат исклучиво за оплодување. Тие за разлика од пчелите немаат осило, па така не постои опасност од каснување.*

- Пчелите се заслужни за 1/3 од целокупното опрашување и оплодување на растенијата во природата.



- Тие се битна алка во одржливиот развој на цела животна средина.



- Нивните производи, се толку корисни, колку што се на број сите лекарства добиени од медот, матичниот млеч и прополисот.

- Организацијата во пчелното семејство од секогаш била инспирација за социолозите и политичарите како модел за уредување на секое општество.



- Популацијата на пчели се намалува секоја година и тоа најмногу заради климатските промени и употребата на инсектициди во земјоделието.



# ПЧЕЛНИ ПРОИЗВОДИ

## Медот

е основен продукт на пчелките работнички кој се добива од поленот и нектарот на растенијата во природата. Заради неговата структура од 6 витамини, десетина минерали, аминокиселини и шеќери тој целосно се апсорбира во човечкото тело.

## Матичниот млеч

е секрет на младите пчели, кој служи за изведување, а потоа и храна на матиците. Овај производ на пчелите е најлековиот од сите нивни производи и претставува чудо на природата. Матичниот млеч најчесто се користи за подобрување на имунитетот кај децата и возрасните и е дел од медицината, ветерината и козметиката...

## Прополисот

е производ кој го собираат пчелите од стеблата и шишарките на некои дрвја за да се заштитат од бактерии, а во исто време тој им служи херметички да го затворат кошарето за да ја одржат иделаната температура во лето и зима. За човекот, прополисот е најстар и незаменлив антибиотик.

## Поленот

за пчелите е дел од нивниот раст, развој и потомство, а за нас корисна состојка во многу лекарства.

## Восокот

е градежниот материјал во кошарето.